# За 13 години постоење извршителите наплатиле 1,2 милијарда евра

Минатата година извршителите во Македонија наплатиле 127 милиони евра. Успешно биле реализирани 10% од вкупно 112.250 поднесени барања, покажува извештајот на Комората на извршителите (КИРМ) за 2018 година.



Само за споредба, во 2016 година процентот на реализирани предмети бил 24%, а тогаш до канцелариите на извршителите стигнале најмногу предмети, дури 227.836. Во 2017 година, пак, извршителите наплатија рекордни 166 милиони евра.

За вкупно 13 години, колку што работат извршителите, наплатени се 1,2 милијарда евра и вратени на доверителите.

Повеќе од половината од наплатените пари, или над 73 милиони, се собрани во Скопје, иако реализацијата таму е нешто под 10%. Најголема реализација има во Штип и Свети Николе со 21,1%, а најниска во Велес со само 5,8%. Најмалку пари извршителите наплатиле во Кочани, Берово, Виница и Делчево 2,4 милиони евра, покажува извештајот на КИРМ.

Споредено по години, бројот на реализирани извршни исправи од страна на извршителите продолжува да расте, во 2018 година се реализирани вкупно 62.515 извршни исправи.

Врз основа на добиените податоци од кварталните извештаи за 2018 година, според структура на доверители, извршителите во полза на државата наплатиле вкупен износ од 2,3 милиони евра, што е значително помалку во споредба со 2017-та, кога во државната каса биле вратени 3 милиони, а во 2016 година 4,1 милиони евра.

Назад во стопанството се вратени вкупно 103,1 милиони евра, додека пак во полза на физичките лица се вратени 22,4 милиони евра, што е зголемување во однос на 2017-та, кога биле 16,5 милиони евра.

Извештајот на Комората покажува дека се зголемила сумата што извршителите ја наплаќаат од државата. Лани собрале речиси 16 милиони евра, а во 2017 година 11,6 милиони евра.

Статистиката на Комората покажува дека бројот на претставките против извршителите од година на година се намалува. Во 2017 година биле поднесени 249, во 2016 година - 297, во 2015 година - 352, а лани до Комората на извршители се доставени 255 претставки против извршителите.

До дисциплинската комисија при Комората на извршители беа доставени вкупно 10 предлози за поведување дисциплинска постапка. За пет од нив беше изречена парична казна, за еден случај беше изречена писмена, а за друг јавна опомена. За еден случај, предлогот за дисциплинска беше отфрлен. Како резултат на овие дисциплински постапки, на еден извршител му е трајно одземено правото на вршење на должноста извршител, а на друг привремено, во траење од шест месеци. При изрекувањето на дисциплинските мерки трајно и привремено одземање на правото на вршење на должноста извршител, дисциплинската комисија донесе две решенија со кои изрече привремена забрана за вршење на должноста - суспензија.

Претседателот на КИРМ, како овластен предлагач на дисциплинска постапка во текот на 2018 година, има поднесено два предлога за поведување дисциплинска постапка, додека основен суд како овластен предлагач на дисциплинска постапка нема поднесено ниту еден предлог.

Министерството за правда минатата година направило 29 редовни и 9 вонредни контроли кај извршителите.

Во периодот од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година до Комората на извршители се поднесени пет барања за пристап до информации од јавен карактер. Од страна на Комората позитивно е одговорено на две барања за пристап до информации од јавен карактер, по две барања делумно е одобрен пристап до информациите од јавен карактер, а едно барање е препратено на надлежност до соодветен орган. Број на одбиени барања за пристап до информации од јавен карактер нема.

## Доцнат реформите за независно и непристрасно правосудство

Првиот годишен извештај за имплементација на стратегијата за реформа на правосудниот сектор беше усвоен на седница на советот за следење на имплементацијата на оваа стратегија, која се одржа во Владата, а ја водеше министерката за правда Рената Дескоска. Извештајот, како што соопшти владината прес-служба, покажува преглед и степен на реализација на досегашните достигнувања во реформата на правосудниот сектор предвидени со акцискиот план на стратегијата. Извештајот е фокус на досега донесените законски решенија и постигнатото зголемување на ефикасноста на судовите и подобрување на правосудството.

На седницата било констатирано дека извештајот ги следи стратегиските цели на реформите во овој сектор и ги опфаќа мерките и активностите што ќе се реализираат во предвидениот рок, со вклучување на сите институции во правосудниот систем.

Но истовремено од извештајот се гледа дека доцнат реформите што треба да донесат независност и непристрасност во правосудството. Од вкупно 16 активности што се предвидени со Стратегијата за реформа во правосудството, во целост не е реализирана ниту една, осум се во тек, две доцнат, четири имаат подоцнежен рок на реализација, една зависи од законски измени, а една се реализира континуирано. Во годишниот извештај за имплементација на стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година стои дека во собраниска процедура е предлог-законот за Судски совет со кој се предвидува обврска за Судскиот совет да избира судии на основен суд редоследно според постигнатиот успех утврден во конечната ранг-листа по година на завршување на обуката, а кои се јавиле на огласот на судии. Во истиот предлог-закон целосно е ревидиран системот на оценување на судиите каде што квалитативноста во однос на квантитативните критериуми во оценувањето е во соодност 60% наспрема 40% во корист на квалитетот. Овие измени во целост се усогласени со Венецијанската комисија.

Подготвени се измени и на Законот за Советот на јавни обвинители, со кои се утврдува дека изборот на јавен обвинител Советот го врши според постигнатиот успех на листата на кандидати доставена од Академијата за судии и јавни обвинители по година на завршување на обуката. Ќе се работи и на поголема транспарентност, па сите одлуки на Советот мора да бидат образложени и објавени на нивната веб-страница.

Во рамките на оваа стратегија е предвидена измена на шест закони во надлежност на Министерството за правда, и тоа на Законот за нотаријат, Законот за извршување, Законот за медијација, Законот за правосуден испит, Законот за вештачење и Законот за процена, за да се укине електронското полагање на испитите. Тоа веќе е завршено кај нотарите и извршителите, а дополнително треба да се интервенира и кај другите закони.

Од Министерството за правда велат дека роковите во Акцискиот план биле доста амбициозно креирани, а потребата од сеопфатна реформа налагала за одредени законски решенија да има консултации со меѓународни експерти и организации, што доведе до значајно одложување на реализацијата на мерките и активностите во стратегијата, па затоа дел од роковите се ревидирани.

## Испит за извршители во април

По пауза од две години, Министерството за правда распиша оглас за полагање испит за извршители во априлската испитна сесија. Право да полагаат имаат кандидати што се дипломирани правници со најмалку петгодишно работно искуство на правни работи. Испитот чини 9.000 денари. Министерството за правда дополнително ќе извести на кој датум ќе биде полагањето на испитот.

## Николче Саздов најуспешен извршител во 2018-та

На редовното годишно собрание на КИРМ, одржано на 23 февруари 2019 година, на извршителот Николче Саздов му беше врачена плакета за успешно извршување на извршителската дејност во 2018 година.